# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 1404-196/8
14-05-2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 25. седница одржана на 02.05.2019 година, донесе

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 15-05-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1012/2 | | |

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Историја на уметноста и археологија" трет циклус студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Историја на уметноста и археологија" трет циклус студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 3 години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање:
**Доктор по хуманистички науки од полето на историја на уметноста и археологија**
Научно - истражувачко подрачје: Хуманистички науки ,
Научно - истражувачко поле: 602, 606.
Научно - истражувачка област: Области од наведеното поле.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (III циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2019/2020......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Филозофски факултет Скопје, трет циклус студиска програма „Историја на уметноста и археологија", на 19.03.2019 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 24 седница, одржана на 08.04.2019 година формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 25 седница одржана на 02.05.2019 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Владо Камбовски

УП14-1107

04-07-2019

| Примено | 18.07.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1012/9 | | |

УП1 бр. 14-1107

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 211 ставови 1 и 3 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Историја на уметноста и археологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Историја на уметноста и археологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

### О б р а з л о ж е н и е

Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје се обрати со барање бр. 08-1012/3 од 22.05.2019 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1107 од 28.05.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Историја на уметноста и археологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација 1409-196/8 од 14.05.2019 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1107 од 12.06.2019 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за

почеток со работа на студиската програма од втор циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 12.06.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1107 од 13.06.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Историја на уметноста и археологија на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR

Dr. Arbër Ademi

ДОСТАВЕНО И ДО:

- Архива

Подготвил: м-р Викторија Динковска
Контролирал: Снежана Дузевска
Одобрил: Dr. Agim Rushiti